# ФИСКАЛЕН КАПАЦИТЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## 2010 – 2019 година



2021 година, Скопје

**Фискален капацитет на општина Гази Баба**
**Имплементира**: Општина Гази Баба
**Изготвил**: Сектор за локален економски развој на општина Гази Баба

**Издавач**: Општина Гази Баба
Архимедова 2, 1000 Скопје,
РС Македонија
contact@gazibaba.gov.mk
www.gazibaba.gov.mk
**Автор**:
Сашо Трајков,
Раководител на сектор за ЛЕР и ИКР
Општина Гази Баба

Фискалниот капацитет на општина Гази Баба е подготвен со користење на официјални податоци од буџетите на општина Гази Баба во периодот 2010 – 2019 година, Државниот завод за статистика на РС Македонија, како и од базата на податоци на секторот за локален економски развој на општина Гази Баба.
Истата е подготовена со согласност и поддршка на Градоначалникот на општина Гази Баба и Совет на Општина Гази Баба.

Репродуцирањето на материјалот на не – комерцијална основа е дозволена само доколку изворот е соодветно потврден.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352:336.2(497.711)"2010/19"

ТРАЈКОВ, Сашо
Фискален капацитет на општина Гази Баба [Електронски извор] :
2010-2019 година / [автор Сашо Трајков]. - Скопје : Општина Гази Баба, 2021

Начин на пристапување (URL):
http://gazibaba.gov.mk/media/PDF/strategii/2020/fiskalen_kapacitet_OGB_2010-2019.
- Текст во PDF формат, содржи 38 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 30.12.2021. - Фусноти кон текстот
ISBN 978-9989-2774-6-7

а) Гази Баба (општина) -- Фискални капацитети -- Мерење -- 2010–2019
COBISS.MK-ID 55959557

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД 4
2. ПОИМ ЗА ФИСКАЛЕН КАПАЦИТЕТ 4
   2.1. Сопствени приходи 5
   2.2. Бруто домашен производ по жител и репрезентативен даночен систем 5
   2.3. Репрезентативен даночен систем кој се користи во регресивни анализи 8
3. АНАЛИЗА НА ФИСКАЛЕН КАПАЦИТЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 9
   3.1. Персонален данок на доход 9
   3.2. Данок на имот 14
   3.3. Данок на наследство и подарок 19
   3.4. Данок на промет на недвижности и права 19
   3.5. Комунални такси 22
   3.6. Такси и дозволи за вршење на дејност 25
4. ПРЕСМЕТКА НА ФИСКАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ 26
5. Список на користени слики 34
6. Список на користени табели 34
7. БИБЛИОГРАФИЈА 35

## 1. ВОВЕД

Во оваа студија се мери фискалниот капацитет на Општина Гази Баба за потребите на донесување на Стратегијата за локален економски развој за периодот 2010-2017. Мерење на фискален капацитет е процес чија егзактност на крајниот резултат е силно корелирана со потребата од релевантни податоци. Во оваа студија ќе извршиме споредбено мерење на фискалниот капацитет преку методата на прибрани приходи и преку методата на планирани приходи.

Сопствените приходи се препознаваат како локални даноци, надоместоци и такси кои се утврдени со закон. Самостојноста на општините може да се мери според износот на собраните средства од сопствените извори на приходи, кои треба да обезбедат остварување на функционалната и финансиската самостојност. Колку се поголеми приходите од сопствените извори, толку потенцијално е помала зависноста на општината од централната власт.

## 2. ПОИМ ЗА ФИСКАЛЕН КАПАЦИТЕТ

Фискалниот капацитет се дефинира како потенцијална способност на единиците на локалната самоуправа(ЕЛС) да собираат приходи од сопствени извори со цел да платат определен пакет на јавни добра и услуги. Фискалниот капацитет може да се дефинира и како способност на законодавството да ги преточи економските активности во рамките на своите географски граници, во јавна потрошувачка. Фискалниот капацитет е важен фактор и при утврдување на меѓувладините трансфери и грантовите за воедначување.

*Во рамките на ЛЕР стратегијата пресметката на фискалниот капацитет е од значење за да може да се определат границите до каде може да се финансираат проектите од сопствени приходи, до каде може општината да се задолжува и индиректно е од значење за утврдување на кредитоспособноста на општината како и утврдување на финансиската и фискалната зависност од централната власт.*

Како последно, но не помалку важно е дека фискалниот капацитет е важна компонента и во мерење на фискалниот напор на една ЕЛС.

Постојат повеќе техники со кои може да се пресмета фискалниот капацитет на локалната самоуправа. Но, може да се каже дека најмногу се употребуваат следниве техники:

- прибрани сопствени приходи,
- планирани сопствени приходи,
- БДП на единица локална самоуправа,
- репрезентативен даночен систем и
- репрезентативен даночен систем кој се користи во регресивни анализи.

## 2.1. Сопствени приходи

За да го оцениме фискалниот капацитет можеме да ги користиме сопствените даночни приходи:

- персоналниот данок на доход
- даноцити на имот
- комуналните такси и
- такси и дозволи за вршење на дејност

## 2.2. Бруто домашен производ по жител и репрезентативен даночен систем

Според овој метод на проценка, фискалниот капацитет се пресметува преку вкупната додадена вредност остварена во Единиците на Локалната Самоуправа и преку ефективната даночна стапка. Ова е посеопфатен метод но изискува поголем обем на релевантни податоци. Во овој момент употребата на овој метод ќе бара доста време и поголем обем на податоци без можност да се утврди дека ќе се добијат релеватни податоци.

За илустрација колку е важно податоците да бидат релевантни се прикажани следниве два графици.

**Слика 1**. Бруто домашен производ, структура по региони во РМ – 2002, 2008 и 2016г.[1]




На слика 1 се прикажува БДП по региони за Македонија. Може да се види дека Скопскиот регион и понатаму има најголемо учество во креорањето на БДП (43%) од останатите региони во Македонија. Тоа што загрижува е фактот што во период 2002 – 2016 година нема позначаен пораст во учеството во БДП на останатите региони, па дури има и намалување.

[1] Државен завод за статистика, Макстат база на податоци - БДП по региони, 2002, 2008 и 2016 година

**Слика 2**. Медијана на месечен еквивалентен доход по региони во Македонија[2]




Од друга страна на слика 2 можеме да видиме медијана на месечен еквивалентен доход по региони во Македонија. Овде индикативно е што Скопје регионот е близу до просекот за Македонија, а Полошкиот регион е на исто ниво како и Скопскиот регион.

Поради ваквите разлики, при користење на податоците треба да се има предвид дека податоците за БДП по жител во одделни региони во голема мерка се под влијание и на т.н. “commuter flow”[3] ефект. Дневната миграција на работната сила придонесува во даден регион да се создаде бруто-домашен производ кој не е резултат на резидентното население.

---

[2] Повеќе во Граѓански засновани анализи на УНДП 2008 година.
[3] Види повеќе во соопштение од Државен завод за статистика.

Од тие причини, податоците за БДП по жител може да бидат преценети во регионот каде што тој се создава (на пример Скопскиот регион), односно потценети во регионот од каде што се одлева работната сила. Податоците не ја прикажуваат развиеноста на регионите од аспект на приходите на населението.

Тоа значи дека многу граѓани од останатите региони придонесуваат во создавањето на БДП за одреден регион, а заработените приходи ги префрлаат во регионите каде што живеат (како што е, на пример, случајот со Скопскиот регион).

## 2.3. Репрезентативен даночен систем кој се користи во регресивни анализи

Со оваа техника се оценува ефектот на големината на даночната основа на локалната самоуправа за собирање даноци применувајќи го методот на регресиона анализа преку најмали квадрати. И за овој метод се потребни повеќе квалитетни податоци кои не ни се на располагање и затоа нема да го примениме.

Секој од горенаведените методи има свои предности и слабости. Факт е дека изборот на методот со кој ќе се врши проценка на фискалниот капацитет зависи од расположливите податоци. Квалитетна анализа на фискалниот капацитет мора да се потпира на колку што е можно егзактни и детални податоци.

# 3. АНАЛИЗА НА ФИСКАЛЕН КАПАЦИТЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Имајќи го во предвид горе кажаното  во оваа анализа на фискалниот капацитет на општината Гази Баба е употребена техниката на собирање на сопствени приходи. При тоа, релевантни варијабли за мерење на фискалниот капацитет се:

1. Даночните приходи
    - персоналниот данок на доход
    - даноците на имот
    - комуналните такси
    - таксите и дозволите за вршење на дејност

3. Демографските податоци
(број на население во општината)

## 3.1. Персонален данок на доход

Приходите по глава на жител ги мерат вкупните остварени приходи од лицата со постојано место на живеење во регионот односно општината, без оглед каде ги остваруваат тие приходи. Оттука, овој податок ја покажува економската моќ на жителите на регионот односно општината.

Обврзници за плаќање на персоналниот данок на доход во општината се:

- физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност и се регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност (100% од вкупно наплатениот данок оди како приход на општината)
- лични примања од плати на физички лица со постојано живеалиште или престојувалиште во општината (3% од вкупно наплатениот данок од лицата со живеалиште на територијата на општината е приход на општината).

**Табела 1**. Класификација на персоналниот данок на доход, во денари. 2010 – 2019 година[4]

| Данок на персонален доход | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Данок на плати на корисници на средства од Буџетот на РМ и ЕЛС | 2,358,200 | 2,889,714 | 2,902,113 | 2,916,863 | 2,983,526 | 3,228,828 | 3,363,659 | 3,543,060 | 3,554,116 | 3,770,138 |
| Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, ЈП и други | 7,795,000 | 7,486,318 | 7,858,789 | 8,451,668 | 9,111,510 | 9,774,737 | 10,274,426 | 11,307,223 | 11,927,253 | 13,423,027 |
| Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчистка дејност | 324,800 | 397,196 | 353,900 | 420,055 | 614,262 | 830,731 | 556,691 | 566,920 | 609,379 | 695,344 |
| Данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 191,400 | 179,247 | 209,830 | 145,941 | 205,167 | 217,663 | 281,688 | 336,179 | 470,819 | 512,724 |
| Данок на плата остварена во странство | 94,000 | 95,095 | 68,927 | 64,382 | 58,039 | 64,040 | 74,583 | 30 | 159,139 | 245,221 |
| Камата за ненавремено плаќа на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 16,400 | 11,080 | 9,187 | 140 | 2,437 | 1,787 | 0 | 239,311 | 346 | 0 |
| **ВКУПНО:** | **10,779,800** | **11,058,650** | **11,402,746** | **11,999,049** | **12,974,941** | **14,117,786** | **14,551,047** | **15,992,723** | **16,721,052** | **18,646,454** |

[4] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Слика 3**. Графички приказ на персонален данок на доход во ОГБ, 2010 – 2019 година[5]




Според табела погоре може да се согледа реализација на приходите и тоа за периодот 2010 - 2019 година и може да согледаме **пораст на персоналниот данок од 73%** во 2019 година во однос на 2010 година.

[5] Сектор за ЛЕР и ИКР: Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

Невработеноста во општината во 2016 година изнесува 20%, со вкупна работна сила од 29.127 и е во корелација со стапката на невработеност во Македонија.

Ако претпоставиме дека сите работоспособни лица во општината се вработени тогаш приходите од персоналниот данок на доход би се зголемиле, а со тоа би се зголемил и фискалниот капацитет на општината. Проекцијата е направена со процентуална пропорција на зголемена вработеност до нула стапка на невработеност и соодветен процент на зголемени приходи од персонален данок на доход.

**Табела 2.** Проекција на Персонален данок на доход при 0% стапка на невработеност, во денари, 2010 - 2019[6]

| Персонален данок на доход | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Персонален данок на доход на вработени | 10,779,800 | 11,058,650 | 11,402,746 | 11,999,049 | 12,974,941 | 14,117,786 | 14,551,047 | 15,992,723 | 16,721,052 | 18,646,454 |
| Персонален данок на доход со 0% невработеност | 14,294,015 | 14,663,770 | 15,120,043 | 17,304,300 | 17,823,000 | 17,914,000 | 17,461,256 | 19,191,268 | 20,065,262 | 22,375,745 |

6 Датабаза на Сектор за ЛЕР и ИКР на Општина Гази Баба.
*Предвидување

**Слика 4**. Графички приказ на проекција на Персонален данок на доход при 0% стапка на невработеност, во денари[7]




[7] Датабаза на Сектор за ЛЕР и ИКР на Општина Гази Баба.
*Предвидување

## 3.2. Данок на имот

Предмет на оданочување со данокот на имот е недвижниот имот и тоа: земјиштето, станбените згради или станови, деловните згради и деловните простории, административните згради и административните простории, зградите и становите за одмор и рекреација, и другите градежни објекти.

Обврзници за плаќање на данокот на имот се:

- сопствениците на имотот кој е предмет на оданочување (правни или физички лица)
- корисникот на имотот (правно или физичко лице) во случај сопственикот да е непознат или недостапен за оданочување.
- плодоуживател.

Основа на данокот на имот е пазарната вредност на недвижниот имот кој е предмет на оданочување. Пазарната вредност се утврдува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, пропишана од Владата на Република Македонија.

Во Законот за данок на имот висината на даночната стапка е дадена, не како фиксна, од страна Собранието на Република Македонија, туку како рамковна стапка во висина од 0,10% до 0,20%. Со одлука на Советот на општината Гази Баба даночната стапка изнесува 0,20%.

Општината Гази Баба во 2006 и 2007 година добиваше приход од данок на имот на деловните објекти само на административниот простор од правните лица додека за останатиот деловен простор беа ослободени.

Во 2008 година беше формирано даночното одделение преку кое се направија првичните ажурирања на даночната база и проценка на сите деловни објекти на територијата на Општина Гази Баба при што се утврдија планираните приходи од данокот на имот на деловните објекти како за 2008 година така и за понатамошните години како во табелата.

Во табела 3 се гледа трендот на планираните средства - потенцијалот за данокот на имот од страна на општината, внесени во проекциите на буџетот на приходната страна за соодветната година.

**Табела 3.** Проекција на потенцијалот од данокот на имот од даночни обврзниците на Општина Гази Баба, 2010 – 2019 година[8]

| Данок на имот | 2010 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 11.391.600,00 |
| Правни лица | 13.307.800,00 |
| Вкупно | 24.699.400,00 |

| Данок на имот | 2011 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 9.045.774,00 |
| Правни лица | 15.061.385,00 |
| Вкупно | 24.107.159,00 |

| Данок на имот | 2012 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 10.930.847,00 |
| Правни лица | 17.165.110,00 |
| Вкупно | 28.095.957,00 |

| Данок на имот | 2013 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 15.226.960,00 |
| Правни лица | 14.645.097,00 |
| Вкупно | 29.872.057,00 |

| Данок на имот | 2014 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 19.096.582,00 |
| Правни лица | 15.296.059,00 |
| Вкупно | 34.392.641,00 |

[8] Сектор за финансиски прашања на општина Гази Баба, Одделение за даноци, 2010 – 2019 година

| Данок на имот | 2015 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 21.440.079,00 |
| Правни лица | 16.699.740,00 |
| Вкупно | 38.139.819,00 |

| Данок на имот | 2016 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 16.929.818,00 |
| Правни лица | 31.980.337,00 |
| Вкупно | 48.910.155,00 |

| Данок на имот | 2017 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 18.157.328,00 |
| Правни лица | 34.460.526,00 |
| Вкупно | 52.617.854,00 |

| Данок на имот | 2018 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 19.162.683,00 |
| Правни лица | 34.786.974,00 |
| Вкупно | 53.949.657,00 |

| Данок на имот | 2019 (во денари) |
|---|---|
| Физички лица | 20,422,877 |
| Правни лица | 35,204,144 |
| Вкупно | 55.627.921,00 |

**Слика 5:** Графички приказ на приходи од данок на имот – правни и физички лица во ОГБ, во денари, 2010 – 2019 година[9]




[9] Сектор за финансиски прашања на општина Гази Баба, Одделение за даноци, 2010 – 2019 година

**Табела 4.** Преглед за администрирање и наплата на данокот на имот, 2010 – 2019 година[10]

| | 2010 година | | | 2011 година | | | 2012 година | | | 2013година | | | 2014 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вид на приход | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи |
| Данок на имот на физички л. | 19,304 | 1,307,325 | 11,391,600 | / | 12,500,000 | 15,226,960 | 20,680 | 13,500,000 | 19,096,582 | / | 12,500,000 | 15,226,960 | 20,680 | 13,500,000 | 19,096,582 |
| Данок на имот на правни л. | 241 | 14,901,888 | 13,307,800 | / | 15,000,000 | 14,645,097 | 301 | 15,000,000 | 15,296,059 | / | 15,000,000 | 14,645,097 | 301 | 15,000,000 | 15,296,059 |
| | **19,545** | **16,209,213** | **24,699,400** | | **27,500,000** | **29,872,057** | **20,981** | **28,500,000** | **34,392,641** | | **27,500,000** | **29,872,057** | **20,981** | **28,500,000** | **34,392,641** |

| | 2015 година | | | 2016 година | | | 2017 година | | | 2018 година | | | 2019 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вид на приход | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи | број на решенија | висина на облог | вкупно реализирани приходи |
| Данок на имот на физички л. | 21,004 | 14,000,000 | 21,440,079 | 19,861 | 16,300,000 | 16,929,818 | 20,652 | 17,000,000 | 18,157,328 | / | | 19,162,683 | / | | 20,422,877 |
| Данок на имот на правни л. | 330 | 15,500,000 | 16,699,740 | 272 | 16,000,000 | 31,980,337 | 276 | 17,400,000 | 34,460,526 | / | | 34,786,974 | / | | 35,204,144 |
| | **21,334** | **29,500,000** | **38,139,819** | **20,133** | **32,300,000** | **48,910,155** | **20,928** | **34,400,000** | **52,617,854** | **0** | **0** | **53,949,657** | **0** | **0** | **55,627,021** |

Според оваа табела може да се согледа позитивниот тренд на движење на бројот на даночните решенија а со тоа и на задолжувањето односно висината на облогот и наплатата на данокот на имот како и разликата помеѓу годините.

Треба да се напомене дека во рамките на задолжувањето односно висината на облогот постои одреден мал процент на нереално зголемување од причина што мал дел од даночните решенија, кој според анализата на даночното одделенија на општината не е поголем од 5% од вкупниот број на решенија, се неажурирани решенија односно решенија кој треба да се разгледаат повторно, корегираат или поништат.

[10] Сектор за финансиски прашања на општина Гази Баба, Одделение за даноци, 2010 – 2019 година, http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

### 3.3. Данок на наследство и подарок

Предмет на оданочување со данок на наследство и подарок е:

- недвижниот имот кој наследниците го наследуваат врз основа на Законот за наследување, односно договорот за подарок.
- готовите пари, паричните побарувања, хартиите од вредност и друг подвижен имот ако пазарната вредност на наследството, односно подарокот е повисока од износот на едногодишна просечна плата.

Даночни обврзници можат да бидат физички и правни лица кои наследуваат имот или примаат подароци. Даночна основа е пазарната вредност на наследениот имот, односно пазарната вредност на примениот подарок. Според Законот за данок на имот висината на даночната стапка за наследство и подарок може да биде:

- од 2%-3% од втор наследен ред
- од 4%-5% од трет наследен ред.

Со Одлука на Советот на општина Гази Баба даночната стапка изнесува 3% за наследници на имот од втор наследен ред, односно 5% за наследство од трет наследен ред.

### 3.4. Данок на промет на недвижности и права

Предмет на оданочување со данокот на промет на недвижности е остварениот промет на недвижностите: згради, станови, земјиште и др. Обврзници за плаќање на данокот на промет се физички и правни лица купувачи, односно продавачи на недвижноста. Даночна основа при купопродажбата, односно преносот е пазарната вредност на недвижноста во моментот на настанувањето на обврската која се утврдува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност. Утврдувањето на пазарната вредност во име на Општината Гази Баба ја врши Градот Скопје кој за таа цел има формирано соодветни комисии за утврдување на пазарната вредност за целокупната територија на градот во чии рамки спаѓа и Гази Баба.

Според Законот за данок на промет на недвижности висината на даночната стапка изнесува од 2%-4%. Со Одлука на Советот на општината Гази Баба даночната стапка изнесува 2% како и дополнителна стапка на данокот на промет од 0,5%. Дополнително при самото оданочување на имотот согласно одлука на Градот Скопје се додава и дополнителна стапка од 0.5% што значи дека целокупната стапка на данокот на промет заклучно дополнителната од Град Скопје е 3%. Со цел да ги зголеми приходите од данокот на имот општината формира комисии кои вршат оданочување на недвижен имот на целата територија на општината во однос на непријавената површина на даночните обврзници. Целокупната документација (пријави, одјави и корекции)

од овие комисии се праќаат во Град Скопје кој по прифатените документи доставени до нив врши пријава односно одјава на даночните обврзници или корекција на нивните решенијата.. На овој начин општината очекува во иднина да ги зголеми приходите од данокот на имот, а со тоа да го зголеми и сопствениот фискален капацитет.

**Табела 5**. Класификација на даноците на имот (реализација во денари), 2010 – 2019 година, [11]

| Данок на имот | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Данок на имот (физички и правни лица - вкупно) | 24,699,400 | 24,107,161 | 28,095,960 | 29,872,057 | 39,392,614 | 38,139,819 | 48,910,155 | 52,617,854 | 53,949,657 | 55,627,921 |
| Физички лица | 11,391,600 | 9,045,776 | 10,930,847 | 15,226,960 | 19,096,582 | 21,440,079 | 16,929,818 | 18,157,328 | 19,162,683 | 20,422,877 |
| Правни лица | 13,307,800 | 15,061,385 | 17,165,110 | 14,645,097 | 15,296,059 | 16,699,740 | 31,980,337 | 34,460,526 | 34,786,974 | 35,204,144 |
| 2. Данок на наследство и подарок | 927,500 | 1,445,955 | 2,894,790 | 2,382,084 | 2,730,814 | 3,558,193 | 2,643,273 | 2,170,909 | 2,449,485 | 3,351,117 |
| 3. Данок на промет со недвижности | 18,175,400 | 24,279,944 | 13,530,580 | 15,909,811 | 22,908,218 | 19,245,283 | 19,708,217 | 38,530,287 | 29,429,371 | 16,264,639 |
| 4. Данок на промет со недвижности со повисока стапка | 9,285,200 | 11,984,693 | 6,700,340 | 8,201,633 | 11,517,082 | 9,805,549 | 9,706,127 | 19,452,695 | 14,733,337 | 8,051,577 |
| 5. Камата за ненавремено плаќање на данок на имот | 219,500 | 579,989 | 257,400 | 405,461 | 651,774 | 396,655 | 1,705,745 | 694,190 | 1,298,436 | 933,499 |
| **ВКУПНО:** | **53,307,000** | **62,397,742** | **51,479,067** | **56,771,046** | **72,200,529** | **71,145,499** | **82,673,517** | **113,465,935** | **101,860,286** | **84,227,853** |

[11] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Слика 6**. Графички приказ на трендот во наплатата на даноците на имот, 2010 – 2019 година[12]




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Данок на имот | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| ВКУПНО: | 53,307,000 | 62,397,742 | 51,479,067 | 56,771,046 | 72,200,529 | 71,145,499 | 82,673,517 | 113,465,935 | 101,860,286 | 84,227,853 |

Според табелата бр.5 и графиконот бр.6 може да се согледа трендот на постојан пораст приходите добиени од даноците на имот во периодот 2010 – 2019 согласно на кривата на движење на порастот во форма на латиничната буква W. Приходите остварени на основ на данок на имот пораснале за 112,85% во 2017 година и 58% во 2019 година во однос на 2010 година. Растот на данок на имот се должи на зголемување на свеста кај граѓаните и фирмите за важноста на плаќањето данок, но и од присилната наплата која е главен инструмент доколку постојат стари ненаплатени долгови. Во последните две години, 2018 и 2019 година, бележиме значителен пад на данокот на имот во однос на 2017 година.

[12] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

## 3.5. Комунални такси

Како предмет на оданочување, согласно со Законот за комунални такси се јавуваат правата, предметите и услугите од јавен интерес за кои се воспоставува обврска за плаќање на комунални такси, и тоа за:

- Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија,
- Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистрација на возилата,
- Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлење,
- Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност,
- Комунална такса за користење на плоштади и друг простор.
- Други комунални такси.

Како субјекти односно обврзници за плаќање на комуналната такса, Законот го предвидува секое физичко и правно лице кое ги користи горенаведените права, предмети и услуги определени како предмет на оданочувања.

**Табела 6.** Класификација на комунални такси (реализација во денари), 2010 – 2019 година[13]

| **Комунални такси** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комунална такса - фирмарина | 16,872,900 | 11,356,148 | 9,716,790 | 8,994,806 | 8,840,836 | 7,272,666 | 9,539,357 | 7,158,206 | 10,101,640 | 8,825,317 |
| Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистрација на возила | 2,523,900 | 1,346,245 | 3,801,140 | 2,644,440 | 3,201,236 | 2,619,458 | 3,990,304 | 3,532,847 | 3,252,606 | 3,712,308 |
| Комунална такса за користење и одржување на јавно улично осветлување | 26,850,400 | 26,034,117 | 30,161,870 | 32,965,075 | 32,818,613 | 33,927,832 | 34,982,002 | 35,295,658 | 36,153,063 | 35,429,718 |
| Комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност | 102,100 | 135,711 | 110,780 | 142,862 | 99,034 | 94,268 | 110,034 | 105,519 | 104,073 | 307,008 |
| Надомест за уредување на градежно земјиште | 33,275,400 | 32,660,076 | 13,082,680 | 13,961,804 | 23,134,769 | 7,021,402 | 36,610,511 | 53,225,309 | 60,618,658 | 229,771,368 |
| **Вкупно:** | **79,624,700** | **71,532,297** | **56,873,260** | **58,708,987** | **68,094,488** | **50,935,626** | **85,232,208** | **99,317,539** | **110,230,040** | **278,045,719** |

**Напомена: Надоместокот за уредување на градежно земјиште е капитален приход по природа на намената иако по класификација на приходи согласно подзаконската регулатива на РМ се води како тековен приход.*

[13] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Слика 7**. НУГЗ и вкупно комунална такса во ОГБ, 2010 – 2019 година[14]




И во овој сегмент гледаме позитивен тренд на пораст на приходите за НУГЗ и вкупно комунални такси. Приходите за НУГЗ пораснале за речиси 690% во 2019 година во однос на 2010 година, додека вкупно комуналната такса пораснала за 349% во 2019 година во однос на 2010 година.

[14] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

Комуналните такси се плаќаат во годишен износ или сразмерно за времето на користење на просторот. Според тарифата за комунални такси што ја донел советот на општината Гази Баба комуналните такси изнесуваат:

- комунална такса за истакнување на фирма за физички лица од 2000-4000 денари
- комунална такса за користење на улици со патнички и други возила од 30-700 денари
- комунална такса за јавно осветлување - 100 денари од броило за електрична енергија, а истата ја собира и уплатува на сметка на општината ЕВН.

1. *<u>За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:</u>*
   - до седум дена 600 ден
   - до 30 дена од 1.000 ден
   - до една година од 12.000 ден

2. *<u>За користење на музика во јавни локали</u>*
   - годишно од 3.300 до 6.700

3. *<u>За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:</u>*
   - за физички лица кои вршат дејност  1.000 ден.
   - за правните лица од областа на производството, прометот и услугите 2.000 ден.

4. *<u>Користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност:</u>*
   - 10 денари по м2 дневно,
   - комунална такса за користење на плоштади и друг процтор со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, за заземената површина од м2 дневно 5,00 денари.

## 3.6. Такси и дозволи за вршење на дејност

Со законот за административни такси е пропишано плаќање на административни такси за списите и дејствата во управните работи кај органите на државната управа, органите на општината и општинската администрација.

**Табела 7**. Класификација на административни такси за вршење на дејност и други такси (реализација), 2010 – 2019 година[15]

| Административни такси, такси за вршење на дејност и други такси и надоместоци | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 60,100 | 14,962 | 24,798 | 23,045 | 341,917 | 124,464 | 127,017 | 77,808 | 145,649 | 113,903 |
| Глоби, судски и административни такси | 1,829,800 | 5,888,642 | 1,072,765 | 1,069,150 | 1,271,270 | 1,624,016 | 3,384,871 | 2,518,370 | 5,390,962 | 2,241,212 |
| Такси и надоместоци | 148,800 | 148,800 | 384,417 | 370,000 | 45,584 | 7,404 | 0 | 1,000 | 0 | 0 |
| **Вкупно**: | **2,038,700** | **6,052,404** | **1,481,980** | **1,462,195** | **1,658,771** | **1,755,884** | **3,511,888** | **2,597,178** | **5,536,611** | **2,355,115** |

[15] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

# 8. ПРЕСМЕТКА НА ФИСКАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ

Анализирајќи ги сопствените приходи собрани од општината Гази Баба можеме да заклучиме дека истите растат со позитивен умерен тренд.

Тој раст изнесува од 261,4% во 2019 година во однос на 2010 година.

**Табела 8.** Сопствени приходи на општина Гази Баба, 2010 – 2019 година[16]

| Сопствени приходи | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Персонален данок на доход | 10,779,800 | 11,058,650 | 11,402,746 | 11,999,049 | 12,974,941 | 14,117,786 | 14,551,047 | 15,992,723 | 16,721,052 | 18,646,454 |
| Данок на имот | 53,307,000 | 62,397,742 | 51,479,067 | 56,771,046 | 72,200,529 | 71,145,499 | 82,673,517 | 113,465,935 | 101,860,286 | 84,227,853 |
| Комунални такси | 79,624,700 | 71,532,297 | 56,873,260 | 58,708,987 | 68,094,488 | 50,935,626 | 85,232,208 | 99,317,539 | 110,230,040 | 278,045,719 |
| Надоместоци и дозволи за вршење бизнис | 2,038,700 | 6,052,404 | 1,481,980 | 100,000 | 400,000 | 500,000 | 550,000 | 350,000 | 145,649 | 113,903 |
| **ВКУПНО:** | **145,750,200** | **151,041,093** | **121,237,053** | **127,579,082** | **153,669,958** | **136,698,911** | **183,006,772** | **229,126,197** | **228,957,027** | **381,033,929** |

[16] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Слика 8.** Сопствени приходи на ОГБ, 2010 – 2019 година[17]




[17] Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Табела 9.** Планирани сопствени приходи на општина Гази Баба за 2020 година[18]

| **Сопствени приходи – Фискален капацитет (со надоместок за уредување на градежно земјиште)** | **2020** |
|---|---|
| Даночни приходи | 278.240.000,00 |
| Неданочни приходи | 49.550.000,00 |
| Капитални приходи | 46.410.000,00 |
| Приходи од дотации | 492.480.000,00 |
| Приходи од трансфери | 242.800.000,00 |
| Приходи од донации | 63.000.000,00 |
| **ВКУПНО:** | **1.172.480.000,00** |

Со оглед на тоа дека фискалниот напор се дефинира како способност на единиците на локалната самоуправа да собираат приходи од сопствени извори, а фискалниот капацитет е максималниот приход кој може да се прибере од сопствени извори, за да ги покријат сопствените расходи, треба да се пресметаат и некои индикатори се со цел  поточно да се објасни и дефинира важноста на фискалниот капацитет.

- *Проценката на броотј на жители во општина во 2020 година во општина Гази Баба е 76.500.*

[18] Буџет на општина Гази Баба 2020, http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Табела 10**: Изведени фискални индикатори во однос на бројот на жители во ОГБ, 2010 – 2019 година[19]

| **Изведени податоци за година** | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Даночен приход (данок на имот) | 53,307,000 | 62,397,742 | 51,479,067 | 56,771,046 | 72,200,529 | 71,145,499 | 82,673,517 | 113,465,935 | 101,860,286 | 84,227,853 |
| Вкупно прибрани сопствени приходи | 145,750,200 | 151,041,093 | 121,237,053 | 127,579,082 | 153,669,958 | 136,698,911 | 183,006,772 | 229,126,197 | 228,957,027 | 381,033,929 |
| Фискален капацитет со вклучени блок дотации | 553,747,700 | 561,055,242 | 561,692,431 | 586,682,681 | 614,483,187 | 630,451,913 | 720,178,478 | 756,345,629 | 725,135,498 | 890,372,722 |
| Фискален капацитет без вклучени блок дотации | 234,881,700 | 253,033,424 | 237,951,521 | 262,195,680 | 284,556,813 | 288,321,304 | 377,908,651 | 408,896,633 | 350,451,692 | 487,698,997 |
| Вкупно расходи | 503,777,200 | 564,509,951 | 559,819,725 | 589,477,274 | 659,174,319 | 620,670,800 | 712,571,793 | 751,456,934 | 695,782,654 | 823,372,935 |
| **Фискални индикатори по година** | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Даночен приход по глава на жител | 697 | 816 | 673 | 742 | 944 | 930 | 1,081 | 1,483 | 1,332 | 1,101 |
| Вкупно прибрани приходи по глава на жител | 1,905 | 1,974 | 1,585 | 1,668 | 2,009 | 1,787 | 2,392 | 2,995 | 2,993 | 4,981 |
| Фискален капацитет (со наменски и блок трансфери) по глава на жител | 7,239 | 7,334 | 7,342 | 7,669 | 8,032 | 8,241 | 9,414 | 9,887 | 9,479 | 11,639 |
| Фискален капацитет без блок трансфери по глава на жител | 3,070 | 3,308 | 3,110 | 3,427 | 3,720 | 3,769 | 4,940 | 5,345 | 4,581 | 6,375 |
| Вкупно расходи по глава на жител | 6,585 | 7,379 | 7,318 | 7,706 | 8,617 | 8,113 | 9,315 | 9,823 | 9,095 | 10,763 |

[19] Сектор за ЛЕР и ИКР, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Слика 9.** Фискални приходи на општина Гази Баба за период 2010 – 2019 година (со блок дотации)[20]




[20] Сектор за ЛЕР и ИКР, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Слика 10.** Фискални приходи за општина Гази Баба за период 2010 – 201 година (без блок дотации)[21]




[21] Сектор за ЛЕР и ИКР, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

**Слика 11**: Фискални индикатори по глава на жител во ОГБ, 2010 – 2019 година[22]




[22] Сектор за ЛЕР и ИКР, Датабаза на сектор за ЛЕР и ИКР, 2010 - 2019 година

Од презентираните податоци може да се заклучи дека:

- континуирано зголемување на сопствените прибрани приходи;
- зголемување на фискалната самостојност на општината;
- Вкупно прибраните сопствени приходи не можат да ги покријат вкупните расходи на општината.

Фискалниот капацитет на општината Гази Баба е пресметан со анализа на сопствените приходи на општината:

- персоналниот данок на доход;
- даноците на имот;
- комуналните такси;
- таксите и дозволите за вршење на дејност.

а, притоа се користени тековните приходи собрани со соодветен фискален напор, како и демографските податоци за бројот на населението.

Зависноста на општината од централната власт е релативно голема. За да се подобри оваа слика, во иднина, општина Гази Баба мора да ја зголеми својата ефикасност и фискалниот напор.

## Список на користени слики

**Слика 1**. Бруто домашен производ, структура по региони во РМ – 2002, 2008 и 2016г.
**Слика 2**. Медијана на месечен еквивалентен доход по региони во Македонија
**Слика 3**. Графички приказ на персонален доход во ОГБ, 2010 – 2019 година
**Слика 4**. Графички приказ на проекција на Персонален данок на доход при 0% стапка на невработеност, во денари, 2010 – 2019 година
**Слика 5:** Графички приказ на приходи од данок на имот – правни и физички лица во ОГБ, 2010 – 2019 година
**Слика 6**. Графички приказ на трендот во наплатата на даноците на имот, 2010 – 2019 година
**Слика  7**. НУГЗ и вкупно комунална такса во ОГБ, 2010 – 2019 година
**Слика 8.** Сопствени приходи на ОГБ, 2010 – 2019 година
**Слика 9.** Фискален капацитет на ОГБ за период 2010 – 2019 година (со вклучени блок дотации)
**Слика 10.** Фискален капацитет на ОГБ за период 2010 – 2019 година (без наменски и блок дотации)
**Слика 11**: Фискални индикатори по глава на жител во ОГБ, 2010 – 2019 година

## Список на користени табели

**Табела 1**. Класификација на персоналниот данок на доход, во денари. 2010 – 2019 година
**Табела 2.** Проекција на Персонален данок на доход при 0% стапка на невработеност, во денари, 2010 – 2019 година
**Табела 3.** Проекција на потенцијалот од данокот на имот од даночни обврзниците на Општина Гази Баба, 2010 – 2019 година
**Табела 4.** Преглед за администрирање и наплата на данокот на имот, 2010 – 2019 година
**Табела 5**. Класификација на даноците на имот (реализација во денари), 2010 – 2019 година
**Табела 6**. Класификација на комунални такси (реализација во денари), 2010 – 2019 година
**Табела 7**. Класификација на административни такси такси за вршење на дејност и други такси (реализација), 2010 – 2019 година
**Табела 8.** Сопствени приходи на општина Гази Баба, 2010 – 2019 година
**Табела 9.** Планирани сопствени приходи на општина Гази Баба за 2020 година
**Табела 10**: Изведени фискални индикатори во однос на бројот на жители во ОГБ, 2010 – 2019 година

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Државен завод за статистика, Макстат база на податоци - БДП по региони, 2002, 2008 и 2016 година, www.stat.gov.mk
2. УНДП (2008) Граѓански засновани анализи: Медијана на месечен еквивалент доход по региони во РС Македонија,
3. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2016): Commuter flow ефект во скопскиот регион
4. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Класификација на персоналниот данок на доход, во денари за периодот 2010 – 2019 година, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
5. Сектор за ЛЕР и ИКР: Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
6. Сектор за ЛЕР и ИКР на Општина Гази Баба, Предвидување (2020): Персонален данок на доход при 0% стапка на невработеност, во денари, 2010 – 2019 година
7. Сектор за финансиски прашања на општина Гази Баба, Одделение за даноци (2020): Проекција на потенцијалот од данокот на имот од даночни обврзниците на Општина Гази Баба, 2010 – 2019 година
8. Сектор за финансиски прашања на општина Гази Баба, Одделение за даноци (2020): Приходи од данок на имот – правни и физички лица во ОГБ, 2010 – 2019 година, http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
9. Сектор за финансиски прашања на општина Гази Баба, Одделение за даноци (2020): Администрирање и наплата на данокот на имот, 2010 – 2019 година, http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
10. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Класификација на даноците на имот (реализација во денари), 2010 – 2019 година , Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
11. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Тренд во наплата на даноци на имот, 2010 – 2019 година Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
12. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020) : Класификација на комунални такси (реализација во денари), 2010 – 2019 година Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
13. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Надомест за Уредување на Градежно Земјиште и вкупно комунална такса во ОГБ, 2010 – 2019 година, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb

14. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Класификација на административни такси за вршење на дејност и други такси (реализација), 2010 – 2019 година, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
15. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Сопствени приходи на општина Гази Баба, 2010 – 2019 година, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
16. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Планирани сопствени приходи на општина Гази Баба за 2020 година, Буџет на општина Гази Баба 2020, http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
17. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Изведени фискални индикатори во однос на бројот на жители во ОГБ за периоот 2010 – 2019 година, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
18. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Фискален капацитет на општина Гази Баба за период 2010 – 2019 година (со вклучени блок дотации), Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
19. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Фискален капацитет на општина Гази Баба за период 2010 – 2019 година (без вклучени блок дотации), Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb
20. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020): Фискални индикатори по глава на жител во ОГБ, 2010 – 2019 година, Буџет на општина Гази Баба, Годишни финансиски извештаи за период 2010 – 2019 година: http://www.gazibaba.gov.mk/business/index.php/mk-mk/finansii-i-budget/budzet-na-ogb



Фискален капацитет
на Општина Гази Баба,

2021 година

contact@gazibaba.gov.mk

Архимедова 2